РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2017 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени ....8

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена .... 11

Валутна структура ....12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Приходи по буџетски корисници ....14

Буџетски расходи според економската класификација ....15

Расходи по буџетски корисници ....16

Буџетско салдо ....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките ....22

Каматни стапки на депозитни банки ....23

Пазар на капитал ....23

Девизни резерви ....23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2017 година

- Индустриското производство во октомври 2017 година во споредба со октомври 2016 година забележа раст од 1,3%;

- Потрошувачките цени во октомври 2017 година се зголемија за 1,8% во однос на октомври 2016 година, по годишниот раст од 1,7% во септември 2017 година;

- Во периодот јануари – октомври 2017 година извозот забележа раст од 16,0%, а увозот од 11,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 1,0%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2017 година изнесуваа 146.362 милиона денари, односно 23,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,4% во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2017 година изнесуваа 157.684 милиони денари, односно 25% од БДП, што е за 4,3% повеќе во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во октомври 2017 година се зголемија за 4,8% во споредба со октомври 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,1%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во октомври 2017 година индустриското производство забележа раст од 1,3% во споредба со октомври 2016 година. Растот во најголема мера е резултат на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 2,1% и вкупен придонес во растот од 1,7 п.п., а исто така е поддржан и од растот во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 6,5% и придонес од 0,5 п.п.. Сепак, растот во голем дел е ограничен од високиот пад од 10,6% во секторот Рударство и вадење камен, чиј негативен придонес во вкупниот раст на индустриското производство изнесува 1,0 п.п..

Графикон 1.1. Индустриско производство; Извор: ДЗС




Подробната анализа на гранките што ги сочинуваат индустриските сектори укажува дека бројот на гранки кај кои е забележан раст соодветствува со нивната структура во вкупното производство и е незначително поголем од оние кај кои е забележан пад. Така, раст е забележан кај 14 од вкупно 27 гранки, кои вкупно учествуваат со 50,9% во структурата на индустриското производство. Притоа, забележително е што висок двоцифрен раст главно е забележан кај производството на високотехнолошки производи, па гранките за производство на останата опрема за транспорт, електрична опрема, фабрикувани метални производи, и машини и уреди бележат раст повисок од 20%. Кај гранките со двоцифрено учество се забележани движења во спротивна насока, и тоа: раст од 24,2% кај производството на машини и уреди (придонес од 2,6 п.п.) и пад од 1,4% кај производството на прехранбени производи (придонес од -0,2 п.п.).

Графикон 1.2. Придонес на секторите на индустриското производство; Извор: ДЗС




Податоците за движењето на индустриското производство по наменски групи укажува дека растот главно се должи на зголеменото производство кај групата Капитални производи од 15,4% (придонес од 3,1 п.п.), а раст е забележан и кај групата Енергија од 4,0% (придонес од 0,4 п.п.). Останатите наменски групи бележат

пад и имаат негативен придонес врз растот, при што групата Нетрајни производи за широка потрошувачка бележи пад од 3,1% (придонес од -1,1 п.п.), групата Интермедијарни производи, освен енергија пад од 2,8% (придонес од -0,8 п.п.) и групата Трајни производи за широка потрошувачка пад од 9,4% (придонес од -0,3 п.п.).

Кумулативните податоци за движењето на индустриското производство во периодот јануари – октомври 2017 година укажуваат на раст од 0,1%. Растот во целост се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,2% и придонес од 0,9 п.п., а истиот е неутрализиран со падот во секторите Преработувачка индустрија од 0,7% и негативен придонес од 0,6 п.п., и Рударство и вадење камен од 2,3% и негативен придонес од 0,2 п.п..

Графикон 1.3а. Гранки со најголем позитивен придонес во растот за месецот




Графикон 1.3б. Гранки со најголем негативен придонес во растот за месецот




Според анализата на гранките што ги сочинуваат секторите, раст бележат 15 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 57,9% во структурата на вкупното производство. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата, производството на машини и уреди бележи раст од 11,4% (придонес од 1,2 п.п.), додека производството на прехранбени производи бележи пад од 3,4% (придонес од -0,4 п.п.).

Кај поделбата по наменски групи, растот е поттикнат од зголеменото производство во групите Капитални производи од 4,9% (придонес од 1,0 п.п.) и Енергија од 8,4% (придонес од 0,8 п.п.), но истиот во голема мера е ограничен од падот во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,6% и негативен придонес од 1,3 п.п., додека негативен одраз има и падот во групите Интермедијарни производи, освен енергија од 1,1% (придонес од -0,3 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 5,1% (негативен придонес од -0,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во октомври 2017 година забележа раст од 4,4%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторите Преработувачка индустрија и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 5,0% односно 1,1%, додека секторот Рударство и вадење камен бележи пад од 1,0%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите десет месеци од 2017 година во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 1,8%. Раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 2,1% и Рударство и вадење камен од 0,1%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 0,6%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 16,8%, Интермедијарни производи, освен енергија од 12,8%, Трајни производи за широка потрошувачка од 1,4% и Енергија од 0,3%. Пад е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – октомври 2017 година во однос на истиот период во 2016 година, раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 11,3%, Интермедијарни производи, освен енергија од 5,9%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,4% и Енергија од 0,4%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во октомври 2017 година е поповолна во однос на септември 2017 година, како и во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври изнесува 66,1%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 65,4%. Споредено со октомври 2016 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во октомври 2017 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 20,7%, недоволната странска побарувачка со 20,4%, недоволната домашна побарувачка со 17,9%, неизвесното економско окружување со 11,3%, финансиските проблеми со 9,5% и конкурентниот увоз со 7,5%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во октомври во однос на септември 2017 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечно ниво се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2017 година издадени се вкупно 400 одобренија за градење, што претставува зголемување од 37,5% споредено со октомври 2016 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 222 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 80,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2017 година во однос на истиот месец од 2016 година се зголемила за 41,3%. Во однос на септември 2017 година, вредноста на објектите пораснала за 11,6%.

Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 245 (или 61,3%) се наменети за објекти од високоградба, 38 (или 9,5%) за објекти од нискоградба и 117 (или 29,2%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 400 издадени одобренија за градба, на 282 објекта (или 70,5%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 118 објекти (или 29,5%) инвеститори се деловни субјекти.

Графикон 1.6. Број на издадени одобренија за градење по региони, во октомври 2017 година; Извор: ДЗС




Во октомври 2017 година предвидена е изградба на 929 стана, со вкупна корисна површина од 74.963 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на претходниот месец е зголемен за 39,7%, а на годишна основа за 37,6%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во октомври 2017 година се зголемија за 1,8% во однос на октомври 2016 година, по годишниот раст од 1,7% во септември 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - октомври 2017 година изнесува 1,2%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во октомври забележа

годишен раст на цените од 1,0%, при што највисок раст имаа цените на кафе, чај и какао (за 6,0%) и овошје (за 4,0%).

Највисок годишен раст на цените во октомври 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,5%, следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 7,5%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,6%, Ресторани и хотели од 4,2%, Рекреација и култура од 2,1% и Облека и обувки од 0,3%.




Годишен пад на цените во октомври е регистриран во категориите: Останати стоки и услуги од 0,8%, Здравје од 0,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,3% и Образование од 0,2%. Цените во категоријата Домување, вода, електрика, гас и други горива останаа непроменети.




Потрошувачките цени во октомври 2017 година се зголемија за 0,3% во однос на претходниот месец. Притоа, раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Облека и обувки од 2,0%, Транспорт од 1,4%, Здравје од 0,4% и Ресторани и хотели од 0,1%.

Намалување на цените е забележано во категориите: Рекреација и култура од 0,5% и Останати стоки и услуги од 0,4%.

Цените во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Домување, вода, електрика, гас и други горива, Мебел,

покућнина и одржување на покућнина, Комуникации и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во октомври 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 4,3%, а на месечна основа се зголемени за 0,3%. Цените на мало во периодот јануари - октомври 2017 година се повисоки за 2,9%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2017 година во однос на септември 2017 година забележа раст од 4,5% и изнесуваше 57,6 долари за барел. Споредено со истиот месец од 2016 година, цената на нафтата се зголемила за 15,9%. Цената на природниот гас во октомври 2017 година на месечна основа пораснала за 2,2%.

Графикон 1.9. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во октомври 2017 година се тргуваше со просечна цена од 11.336 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец забележува зголемување на цената од 1,1%. На годишна основа, цената на никелот се зголеми за 10,5%. Покрај никелот, месечен раст на цената во октомври забележаа и останатите основни метали, освен калајот, чијашто цена се намали за 2,0%. Така, цената на оловото порасна за 5,2%, на цинкот за 4,7%, на бакарот за 3,5% и на алуминиумот за 1,7%.

Графикон 1.10. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка



Благородните метали во октомври 2017 година во однос на септември 2017 година бележат пад на цената. Така, цената на платината се намали за 4,5%, на среброто за 2,8% и на златото за 2,6%.

Цената на пченката на светските берзи во октомври 2017 година на месечна основа се зголеми за 0,9%, а цената на пченицата се намали за 1,6%. Цената на јагнешкото месо во октомври споредено со претходниот месец се намали за 0,8%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2017 година изнесува 9.722,1 милион евра, што претставува раст од 13,5% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во периодот јануари - октомври во 2016 и 2017 година; Извор: ДЗС




Во периодот јануари – октомври 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,6%, што претставува зголемување од 0,3 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - октомври 2017 година изнесува 4.147,7 милиони евра и бележи раст од 16,0% (571,8 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 11,3%.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2017 година изнесува 465,2 милиона евра и бележи раст од 20,0% (77,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 1,9%.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - октомври 2017 година; Извор: ДЗС




Анализирано на месечно ниво, во октомври 2017 година извозот бележи раст од 0,7% (3,0 милиони евра) во однос на претходниот

месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 1,4%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – октомври 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,2% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – октомври 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 17,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 8,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,3% и 11,6% соодветно.

Графикон 2.3 Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-X- 2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – октомври 2017 година изнесува 5.574,4 милиони евра и бележи раст од 11,8% (586,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 2,1%.

Вредноста на увозот во октомври 2017 година изнесува 620,0 милиони евра, што претставува раст од 16,1% (86,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 17,6%.

Графикон 2.4 Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-X- 2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Анализирано на месечно ниво, во октомври 2017 година увозот бележи раст од 10,4% (58,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 1,4%.

Табела 2.1 Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2016 | I - X - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 87,9 | 97,4 | 9,5 | 10,8 |
| Мил. ЕУР | 31,2 | 39,8 | 8,6 | 27,7 |
| Мил.$ | 34,8 | 44,7 | 10,0 | 28,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2016 | I - X - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 868,6 | 839,6 | -29,0 | -3,3 |
| Мил. ЕУР | 302,5 | 361,5 | 59,0 | 19,5 |
| Мил.$ | 337,4 | 405,3 | 68,0 | 20,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2016 | I - X - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13,5 | 31,9 | 18,3 | 135,4 |
| Мил. ЕУР | 738,1 | 860,3 | 122,2 | 16,6 |
| Мил.$ | 822,6 | 964,8 | 142,2 | 17,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2016 | I - X - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 25,6 | 25,1 | -0,5 | -1,9 |
| Мил. ЕУР | 137,6 | 149,2 | 11,6 | 8,4 |
| Мил.$ | 153,5 | 167,0 | 13,4 | 8,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2016 | I - X - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 541,9 | 579,2 | 37,3 | 6,9 |
| Мил. ЕУР | 341,2 | 372,5 | 31,2 | 9,2 |
| Мил.$ | 380,4 | 417,9 | 37,5 | 9,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2016 | I - X - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 681,6 | 595,4 | -86,2 | -12,6 |
| Мил. ЕУР | 267,5 | 302,6 | 35,1 | 13,1 |
| Мил.$ | 298,1 | 338,9 | 40,7 | 13,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите десет месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,0% односно 14,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Графикон 2.5 Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Во октомври 2017 година трговскиот дефицит се зголеми за 6,0% односно 8,8 милиони евра споредено со октомври 2016 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – октомври 2017 година 89,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Полска, САД, Унгарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,6% од трговската размена во периодот јануари – октомври 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 1,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,1% и 83,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,3 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,2 п.п. во однос на периодот јануари – октомври 2016 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - X - 2016 | | | | | I - X - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.716,1 | 4.098.341.410 | 61,6160 | 252.523.404.292 | 82,2 | 3.705,8 | 4.649.812.953 | 61,5827 | 286.348.036.125 | 83,4 | 551.471.543 | 13,5 |
| УСД | 1.285,7 | 938.526.069 | 55,2937 | 51.894.578.881 | 16,9 | 1.402,5 | 983.073.799 | 55,1350 | 54.201.773.930 | 15,8 | 44.547.731 | 4,7 |
| ГБП | 4,6 | 15.635.827 | 76,2202 | 1.191.765.876 | 0,4 | 4,1 | 19.168.413 | 70,4558 | 1.350.525.839 | 0,4 | 3.532.585 | 22,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.006,4 | | | 305.609.749.049 | 99,0 | 5.112,3 | | | 341.900.335.894 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 5.018,2 | | | 307.347.376.987 | 100,0 | 5.124,2 | | | 343.296.039.396 | 100,0 | | 11,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2017 година изнесуваа 146.362 милиона денари, односно 23,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,4% во однос на истиот период од 2016 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 85.759 милиони денари, односно 13,6% од БДП и во однос на истиот период од 2016 година се зголемени за 4,2%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 39.942 милиона денари, што претставува зголемување за 1,9% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 46,6%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 56.819 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 16.879 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 13,2% споредено со истиот период од 2016 година, што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 10,3%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 3,3%. ДДВ од

донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 8,9%.

Акцизите се остварени во износ од 19.348 милиони денари (учество од 22,6% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,1%. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 59.290 милиони денари, односно 69,1% од вкупните даночни приходи во овој период од 2017 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 11.965 милиони денари и забележуваат раст од 7,5% на годишна основа, при што 2/3, односно 65,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,5% од приходи од капитал, 7,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,2% од приходи по основ на договор на дело, 3,3% од приходи од имот и имотни права и 1,6% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој десетмесечен период во 2017 година изнесуваа 9.857 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 10,0% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 14,7%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 17,8%) и на задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 78,2%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 9,6%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 4.277 милиони денари и забележаа зголемување од 8,5%. Приходите од други даноци со остварен износ од 370 милиони денари забележаа помало остварување за 23,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 42.923 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,9% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 4,9%, кај придонесите за вработување за 5,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 4,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 11.272 милиона денари и во однос на истиот период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 4,0% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.181 милион денари, што претставува намалување од 34,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.839 милиони денари, односно за 38,8% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и

во периодот јануари - октомври 2017 година тие изнесуваат 111,6 милијарди денари, односно 91,6% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 73,8% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 76,0% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до октомври достигна 81,5% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 17,1 милијарда денари, што претставува 15,4% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за I-X 2017 година (во %); Извор: МФ




Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука кое има остварено приходи во износ од 2,7 милијарди денари, односно 2,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ, односно 84,8% претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Министерството за транспорт и врски оствари приходи кои изнесуваат 2,1 милијарда денари, односно 1,7% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат главно приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,5% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во периодот јануари - октомври 2017 година изнесуваат 53,4 милијарди денари и претставуваат 82,0% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – октомври 2017 година изнесуваа 157.684 милиони денари, односно 25% од БДП, што е повеќе за 4,3% во однос на истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 144.915 милиони денари учествуваа со 91,9% (23,0% од БДП) и се зголемени за 4,5% во однос на истиот период во 2016 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 21.807 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8% и во однос на 2016 година се зголемени за 1,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.650 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 9,2%.




Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 104.557 милиони денари (16,6% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,7% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 66,3% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 78.266 милиони денари, забележаа раст од 6,1% и учествуваа со 49,6% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 48.256 милиони денари, што е зголемување за 6,7% споредено со истиот десетмесечен период од 2016 година и учествуваат со 30,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,7%, односно забележаа поголема реализација за 2,7%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.475 милиони денари забележаа зголемување од 1,2%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 3,5% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 6.901 милион денари, што е за 30,8% повеќе во споредба со истиот период 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 9,2%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 46,0%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 12.769 милиони денари со структурно учество од 8,1% во вкупните расходи (2,0% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 2,3% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – октомври 2017 година реализираше 35 милијарди денари или 82,6% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,4%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 25,7 милијарди денари или 82,7% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 82,8% (6,7 милијарди денари) од планираните за 2017 година.

Во периодот јануари – октомври 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[1] реализирани се 30,1 милијарда денари, што претставува 78,4% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 52,7% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – октомври 2017 година се потрошени 15,9 милијарди денари, односно 87,4% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 22,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 6,9 милијарди денари или 84,1% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 13,1% се капиталните расходи, за што се потрошени 3,9 милијарди денари или 53,3% од годишниот план.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I-X 2017 година (во %); Извор: МФ




Министерство за образование и наука во периодот јануари – октомври 2017 година изврши буџетски средства во износ од 17,8 милијарди денари, што е 74,6% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (61,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 10,9 милијарди денари или 83,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,4%, за што се потрошени 2,7 милијарди денари, односно 81,7% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 13,6% во вкупните расходи) се реализирани 2,4 милијарди денари, што претставува 55,6% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – октомври 2017 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 8,1 милијарда денари, што претставува 79,1% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 73,6%, за што се потрошени 6,0

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средства од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

милијарди денари или 82,5% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,2%, за што се реализирани 1,3 милијарди денари или 76,5% од годишниот план.

Во првите десет месеци од 2017 година, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 6,6 милијарди денари, што претставува 79,5% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 86,6%), за што во анализираниот период се извршени 5,7 милијарди денари или 85,4% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 12,3% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – октомври 2017 година се реализирани 812 милиони денари или 53,3% од годишниот план.

Министерство за одбрана во периодот јануари – октомври 2017 година изврши буџетски средства во износ од 4,2 милијарди денари, што е 76,2% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 69,0%, за што во првите десет месеци се реализирани 2,9 милијарди денари, што претставува 82,7% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 24,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период е потрошена 1 милијарда денари, односно 77,1% од вкупно предвидените.

Министерство за здравство во првите десет месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 4,8 милијарди денари, што е 80,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 50,2%, за што во првите десет месеци се потрошени 2,4 милијарди денари или 100% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 30,2% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 1,4 милијарди денари, односно 76,6% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 17,7% во вкупните расходи) изнесува 56,5% односно извршени се 845 милиони денари.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари – октомври 2017 година реализираше средства во износ од 3,3 милијарди денари, што е 75,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 80,6%, а нивната реализација во првите десет месеци изнесува 75,7% односно извршени се 2,7 милијарди денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – октомври 2017 година извршени се средства во износ од 3,2 милијарди денари, што е 66% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

учество во вкупните расходи со 32,3%, а нивната реализација во првите десет месеци изнесува 49,1% односно извршена е 1,0 милијарда денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 30,5%, а за оваа намена реализирани се 985 милиони денари или 77,7% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 867 милиони денари, што претставува 83,2% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 26,8% од вкупните расходи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – октомври 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 11.322 милиона денари, што претставува 1,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 10.329 милиони денари и претставува 1,6% од БДП.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – октомври 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 152.964 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 0,8% во однос на истиот период од 2016 година.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Од вкупниот број нововработени, 41,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во октомври 2017 година, 17,3% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 192.299, од кои 102.100 се активни баратели на работа, а 90.199 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,8%.

Најголем дел од невработените лица (66,7%) се градско население, а според половата структура 58,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,4% се со завршено средно образование, додека 14,2% имаат вишо или повисоко ниво на образование.



Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 51,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2017 година оствари годишен раст од 4,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,4%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (32,1%), Преработувачка индустрија (9,8%) и Рударство и вадење камен (9,2%). Реалните плати во септември забележаа годишен раст од 3%.



Графикон 4.3. Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС



Графикон 4.4. Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)

Просечната номинална бруто-плата во септември 2017 година оствари годишен раст од 4,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (26,3%),

Преработувачка индустрија (10,2%) и Рударство и вадење камен (9%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,8%.

Процентот на вработени што не примиле плата во септември 2017 година изнесува 1% и е за 0,2 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,1 п.п. понизок во однос на август 2017 година.

## Пензии

Во октомври 2017 година, во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 307.498 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 986 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,5% се корисници на старосна пензија, 24,5% се корисници на семејна пензија и 12% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во октомври 2017 година изнесува 13.916 денари и е за 6,5% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 60%.

Графикон 4.5 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




Просечната старосна пензија во октомври изнесува 15.217 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.620 денари, а просечната семејна пензија 11.179 денари. За исплата на пензиите во октомври 2017 година се потрошени 4.262,06 милиони денари, што претставува 51% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во октомври 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во февруари 2017 година. Ваквата реакција се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во октомври 2017 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 6,7% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 8,4% и 5,1%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 1,6%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 4,9%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,4%.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во октомври 2017 година; Извор: НБРМ




## Депозитен потенцијал

Вкупните депозити на банките во октомври 2017 година регистрираа раст од 1,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 3,1%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,4%.

Од аспект на валутата, во октомври 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,2%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 2,3%.

Вкупниот депозитен потенцијал во октомври 2017 година оствари раст од 6,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 6,9% и 4,9%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 4,5%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,3%.

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 1,6%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 8,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2017 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **324.344** | **1,1%** | **6,1%** |
| Денари | *189.550* | 0,2% | 6,9% |
| Странска валута | *134.794* | 2,3% | 4,9% |
| Краткорочни | *149.797* | 0,8% | 1,6% |
| Долгорочни | *91.344* | 2,4% | 8,5% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **287.322** | **0,1%** | **4,8%** |
| Денари | *239.852* | 0,5% | 6,8% |
| Странска валута | *47.470* | -1,7% | -4,2% |
| Краткорочни | *61.374* | 1,7% | 1,8% |
| Долгорочни | *205.822* | -0,2% | 7,1% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *18.613* | -0,7% | -7,3% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во октомври 2017 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,1% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во октомври кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,5%. Од аспект на валутата, во октомври 2017 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 0,5%, додека девизните кредити регистрираа пад од 1,7%.

Графикон 5.2. Стапки на раст на депозити и кредити (м/м-12);
Извор: НБРМ




На годишна основа, во октомври 2017 година вкупните кредити се зголемија за 4,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,3% и раст на кредитите кон претпријатијата 0,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,8%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 4,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,1%, а краткорочните кредити се зголемија за 1,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите остана непроменета во споредба со претходниот месец и изнесува 5,9%. Каматните стапки на денарските и девизните кредити исто така останаа непроменети и изнесуваат 6,1% и 4,8%, соодветно.

Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври изнесува 1,5% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,1 п.п. и изнесува 2,2%, а каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 0,8%.

Графикон 5.3. Каматни стапки на депозитни банки, октомври 2017 година; Извор:НБРМ




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во октомври 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 62,6% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 5,5 пати (552,2%), додека прометот од класичното тргување се намали за 17,8%.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2017 година изнесуваше 495 милиони денари и истиот е зголемен за 82,1% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на октомври 2017 година изнесуваше 2.623,29 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 2,4%, а во однос на истиот месец претходната година е повисок за 26,2%.

Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2017 година изнесуваа 2.301,0 милион евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 29,6 милиони евра, додека во однос на октомври 2016 година се намалени за 428,0 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693